# СТРАТЕШКИ ПЛАН 2021-2023

НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР

# Содржина

Вовед ..... 2
Методологија ..... 3
Профил на НРЦ ..... 4
Анализа на состојбите ..... 6
Мисија ..... 8
Визија ..... 8
Принципи ..... 8
Вредности ..... 8
Стратешки и специфични цели ..... 9
Севкупен преглед на целите, индикаторите и очекуваните резултати ..... 11
Следење и ажурирање на стратешкиот план ..... 0

# Вовед

Почитувани,

Денешното време е предизвик, и за да може во него да опстои една организација, истата мора да има добра основа, како и непречена комуникација во рамките на тимот. Националниот ромски центар (НРЦ) во изминатите 15 години успеа да прерасне токму во таква организација.

И токму затоа, тимот на НРЦ, посплотено од кога било, успеа да ги надмине сите препреки кои ги наметна светската пандемија, која започна минатата година.

Продолжуваме со истото темпо, и се надеваме дека тимот, заедно со членовите и Управниот одбор на НРЦ, ќе ги исполни поставените стратешки насоки кои се во директна врска со подобрување на ситуацијата на граѓаните во Република Северна Македонија, особено онаа на Ромите.

И во следните три години остануваме доследни на нашата мисија и визија. И понатаму ќе настојуваме да ја зацврстиме довербата во нас, да се застапуваме за заштита на праватана нашите целни групи и да бидеме соодветен партнер на институциите.

Со благодарност,

Ашмет Елезовски

Извршен директор

# Методологија

Стратешкиот план на НРЦ за периодот 2021-2023 година, беше изготвен во текот на месеците март и април 2021 година. Користејќи партиципативен пристап, беа организирани три on-line работилници. На нив,  вработените на НРЦ и претставници на петпартнерски граѓански организации (Бела Кула, Романо Вило, Рома Перспектив, Рота и Ромска сила)под водство на две надворешни консултантки, земаа активно учество и дадоа свој личен придонес во изготвувањето на различните сегменти на овој документ.

Агендата за секоја работилница беше однапред договорена, а вработените добија зададени подготвителни задачи кои им овозможија да носат информирани одлуки.

Уште на самиот почеток на процесот,  тимот одбра координаторка за стратешко планирање на НРЦ чија улога се состоеше од координирање на доставувањето на потребни информации од своите колеги, со цел да биде изготвена финалната верзија на шестиот по ред Стратешки план на НРЦ.

Во текот на првата работилница, тимот направи рефлексија на она што било сработено во периодот 2019 -2021. Притоа, беше направен и пресек на активностите кои НРЦ ги спроведуватековно, како и осврт на активностите кои се очекува да ги имплементира во периодот што следи, акои се дел од активните проекти, проектите што  се поднесени до донатори а за кои се очекува одобрување, како и проектите кои се во развојна фаза. На истата работилница, тимот ги ревидираше изјавите за визија и мисија на НРЦ, како и принципите и вредностите по кои НРЦ се раководи во своето секојдневно работење.

Со цел да ги редефинира постоечките или да постави  нови стратешки насоки и цели, тимот, користејќи пристап бура на идеи, направи анализа на внатрешните организациски јаки и слаби страни, но и на можностите и заканите кои произлегуваат од  политичкиот, социо-економскиот, здравствениот, правниот, технолошкиот и еколошкиот контекст во кој дејствуваНРЦ.

Во текот на втората работилница, вработените и претставниците на партнерските организации, најнапред ги поставија  новите стратешки цели кои НРЦ ќе се стреми да ги оствари во периодот 2021- 2023.

Веднаш потоа следеше поставување на  специфичните цели кои произлегуваат од секоја стратешка цел како и мерилата (индикаторите) и очекуваните резултати за секоја специфична цел. Оваа активност продолжи и во текот на  третата работилница.

Во меѓувреме, секој од вработените даде свој соодветен инпут за секој сегмент од Стратешкиот план,  кој потоа беше соодветно интегриран и инкорпориран во документот од страна на координаторката.

Како резултат на овој здружен труд, на страниците што следат, можете да ги видите стратешките цели кои НРЦ ги постави пред себе и пред своите партнерски организации и кои ќе се стреми да ги постигне со сите ресурси кои ги има на располагање.

Процесот на подготовка и публикација на овој стратешки план беше поддржан од страна на донаторот We Effect.

# Профил на НРЦ

НРЦ е една од водечките организации во државата кои се залагаат за унапредување и заштита на правата на Ромите и на останатите ранливи категории на граѓани, активно придонесувајќи за подобрување на животните услови и социјалната вклученост. НРЦ го поттикнува пристапот до основните човекови права и се залага за конзистентност во принципот на еднаквост пред законот. Основана во 2005 г., организацијата се стреми да согледа во која мера националните и локалните политики опфаќаат вклучување и еднакви можности за Ромите, и како се адресираат социјалните, економските и политичките потреби и аспирации на ромската заедница.

НРЦ зад себе има бројни постигнувања и признанија, а пред себе има јасна перспектива и визија за промените што ќе продолжи да ги прави во насока на градење на поправедно општество во кое активно се интегрирани сите заедници на граѓани. Тоа го постигнува преку посветеното работење на својот тим од девет вработени и преку воспоставената мрежа на соработници вклучувајќи ги и единаесетте долгогодишни теренски асистенти во седум градови и уште дваесет активисти за ромски прашања кои делуваат во петнаесет градови во кои има работено НРЦ во своето петнаесетгодишно работење.

Највисоко тело за одлучување во НРЦ е Собранието кое се состанува на годишно ниво. Собранието ја донесува годишната програма за работа и го одобрува годишниот наративен и финансиски извештај од претходната година. Следен во хиерархијата е Управниот одбор (УО) на НРЦ, составен од пет члена кои го следат раководењето со организацијата и исполнувањето на нејзините стратешки цели. УО го одобрува стратешкиот план на НРЦ и одржува редовна комуникација и со извршната канцеларија т.е. извршниот директор, и во своите редови.

Извршната канцеларија на НРЦ е составена од два оддела:

1. Оддел за правна програма и застапување: овој оддел е одговорен за програмското работење и гарантирање на квалитет, како и поставување и исполнување на стратешките приоритети, политика за управување со човечки ресурси, прибирање средства и пишување предлог проекти.
2. Оддел за финансии и администрација: овој оддел е одговорен за точно, ефикасно и ефективно, административно, финансиско и помошно-техничко функционирање на организацијата, како и за континуирано одржување на веб страницата.

Со извршната канцеларија раководи извршниот директор кој е одговорен за успешно постигнување на поставените стратешки цели, спроведување на планираните активности и севкупното оперативно функционирање на организацијата.

Организациската структура на НРЦ е прикажана на следниот органограм:


Собрание
Управен одбор
Извршен директор
Раководител на правна програма и застапување
Раководител на финансии и администрација
Проектен тим (менаџер и координатор)
Проектен тим
Проектен тим
Асистент на раководител на финансии и администрација
Администратор и асистент за плаќање
Администратор на проект и финансиски менаџер
Веб администратор
Теренски фасцилитатор
Волонтер
Теренски фасцилитатор
Волонтер
Теренски фасцилитатор
Волонтер
Волонтер
Волонтер

## Анализа на состојбите

Вклучувањето на Ромите добива поголемо внимание и од националните и од локалните власти, иако има уште многу да се направи.Спроведувањето на политиките за вклучување на Ромите е бавно и на државно ниво не постои доволно капацитет за имплементација, координација и следење. Владата ги има зголемено фондовите за политики за интеграција на Роми, но останува проблемот со сиромашна апсорпција на фондови.Ромите имаат ограничени економски можности и многумина не успеваат да заработат за живот.Само 3% од оние кои имаат корист од активната политика на пазарот на трудот се Роми.Состојбата со домувањето е драматична, со голем дел од Ромите кои живеат во бесправни населби и / или супстандардни и нехигиенски средини.Донесен е и Закон за лица без регулиран граѓански статус, кој овозможува пристап до редовните услуги на 750-те Роми идентификувани без документ за лична карта, но неговото спроведување е попречено. И покрај постоењето на законски рамки за заштита на човековите права, Ромите често се жртви на расизам, дискриминација и сегрегација. Извештајот на ЕУ за напредокот на државата за 2020 година нотира дека генерално, многу Роми продолжуваат да живеат во сиромаштија и се соочуваат со невработеност и супстандардни услови за живот.Нивниот пристап до образование, домување, здравје и вработување и правда останува загрижувачки. [1]

Податоците покажуваат дека жените Ромки се особено ранливи на сиромаштија и социјална исклученост поради етничка и родова дискриминација. Понатаму, традицијата на рани бракови ги зголемува ризиците од сиромаштија, неписменост, невработеност, недостаток на соодветно домување и родово базирано насилство. Ромите воопшто живеат во полу-урбани средини и во тек е процесот на легализација на бесправно изградените објекти за живеење. Од друга страна, куќи најчесто се изградени на државно земјиште или пак поседуваат договори за земјиште кои не се спроведени во Агенцијата за катастар на недвижности. Традиционално, имотот е во сопственост и наследен од мажи Роми, и главно мажите се апликанти за легализација на куќи и постапки за приватизација на земјиштето.

Родовиот јаз опстојува скоро на сите нивоа, 62% од девојчињата Ромки и 76% од момчињата Роми имаат завршено основно и средно образование, 58% од жените Ромки и 45% од мажите Роми се невработени.Ромите имаат значително пониско ниво на имот и приход од останатото население. Стапката на невработеност кај маргинализираните Роми е многу поголема од онаа кајне-Ромите.Невработеноста особено влијае на економски активните маргинализирани жени Ромки: нивната стапка на невработеност изнесуваше 58% во 2017 година во споредба со 45% кај мажите Роми.Големото мнозинство на маргинализирани млади Роми (на возраст од 18-24 години) не биле вработени, ниту следеле образование или обука во 2017 година. Младите маргинализирани ромски жени се со пониски стапки на посетеност на училиште и вработување, исто така, со мала веројатност да бидат вклучени воопбуки.81% од нив не биле вклучени во никакви образовни активности во 2017 година, во споредба со вклученоста на 57% од младите мажи Роми.Овој родов диспаритет е поизразен меѓу Ромите отколку не-Ромите. [2]

---

[1]Извештај за напредокот на Република Северна Македонија, ЕУ,06 .10.2020, стр.35 Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/north_macedonia_report_2020.pdf

[2]Роми на прв поглед, Поранешна Југословенска Република Македонија, УНДП, Светска банка, април 2018 година. Достапна на http://www.eurasia.undp.org/content/dam/rbec/docs/Factsheet_FYROM_Roma.pdf

Ромските жени се помалку активни  или се надвор од пазарот на трудот, честопати се занимаваат со домашни активности или грижа за децата.Само 22,92% Ромки учествувале во државно спонзорирани програми за самовработување во споредба со 77,08% од мажите Роми во периодот 2013-2016 година. [3]

Ромската заедница, како една од најмаргинализираните и социјално загрозените заедници во земјата, исто така се соочува со големи предизвици во овој период на пандемија која трае од месец март 2020 година па до сега. Многу од загрозените ромски семејства се соочуваат со финансиски проблеми затоа што не се во можност да работат во неформалната економија со собирање пластични шишиња и старо железо, но и дел што биле вработени останале без работа во приватниот сектор. Жените Ромки се наоѓаат во ранлива позиција, особено оние жени кои работат на ниско платени работни места на пазарите, како и оние кои работат во сива економија со продажба на храна, облека или собирање пластични шишиња. Буквално сите кои работат во неформалниот сектор сега се без приходи. Во извештајот на ЕУ за напредокот на државата во 2020 година се наведува и ризикот од сиромаштија со тоа што „процентот на вработени лица во ризик од сиромаштија беше 8,8%, додека за пензионерите 7,9%.Коефициентот за мерење на нееднаквоста во распределбата на приходот беше 31,9.Ромите и лицата со попреченост остануваат во најголем ризик од сиромаштија.[4]

НРЦ ја препознава родовата нееднаквост како двигател на конфликти и затоа организацијата работи на промена на штетните социјални норми кои што ја одржуваат родовата нееднаквост.Ова е особено важно во нашата работа за да се препознае повеќекратната стигма и исклученост што можат да ги доживеат жените и особено жените Ромки.Треба да признаеме дека 2019 и 2020 година беа предизвикувачки период од повеќе причини: високи стапки на неформална економија во земјата, луѓе на теренот погодени од пандемијата КОВИД 19 кограниливите категории на граѓани и Роми станаа уште посиромашни.

---

[3]Шести периодичен извештај на ПЈРМ до Комитетот на ООН за елиминација на дискриминацијата врз жените, CEDAW / C / МКД / 6, 5 мај 2017 година, стр.32.стр. 33 Достапно на: http://docstore.ohchr.org/SelfServices/FilesHandler.ashx?enc=6QkG1d%2fPPRiCAqhKb7yhsgOTxO5cLIZ0CwAvhyns%2byIVGY8BvwDNLXQoR815VR2BmyyzUednGwemmCTCfexqZHLEpV1MtOhV%2fyifGTRtEgspwBk9iQ%2bFwHYeV16Ia%2bWS

[4]Извештај за напредокот на Република Северна Македонија, ЕУ,06 .10.2020, стр.84 Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/north_macedonia_report_2020.pdf

## Мисија

НРЦ е организација која го поддржува прогресивното исполнување на правата и обврските на своите конституенти преку нивно зајакнување и активно вклучување, користејќи пристап заснован на човекови права и застапување базирано на докази

## Визија

НРЦ е препознатлива организација која успешно придонесува за развивање на одржливо и правично општество, намалување на стапката на сиромаштија и остварување на основните човекови права и обврски

## Принципи

- ✓ Недискриминација и еднакви можности
- ✓ Родова еднаквост и интегрирање на родовата перспектива во работењето
- ✓ Социјална инклузија
- ✓ Пристап заснован на човекови права
- ✓ Застапување засновано врз докази
- ✓ Транспарентност
- ✓ Отчетност
- ✓ Соработка и вмрежување
- ✓ Доживотно учење
- ✓ Партиципативен пристап

## Вредности

- ✓ Оснажување и праведна застапеност на обесправените, сиромашните, дискриминираните, без оглед на нивната етничка припадност, религија или пол
- ✓ Влијание врз политиките и носењето одлуки, за подобро денес и уживање во правата од страна на сите луѓе
- ✓ Меѓусебна почит  и соработка со нашите конституенти за да постигнеме заемно корисни резултати
- ✓ Разновидноста значи моќ и сила што нѐ зближува

## Стратешки и специфични цели

**Стратешка цел 1: Подобрување на пристапдо правда и владеење на правото за сите**

НРЦ ќе работи на подобрување на ефективноста, пристапот и достапностанаправдата за сите. НРЦ ќе се залага за олеснување на пристапот до правда за сите граѓани подеднакво без разлика на нивната етничка, полова или верска припадност, социјален или општествен статус. Со залагањето за подобрен пристап до правда и функционален и целисходен правен поредок за носителите на права, НРЦ ќе придонесе кон градење на правично и одржливо општество.

**Стратешка цел 2: Подобрување на пристап до квалитетни здравствени услуги за сите**

НРЦ ќе работи на подигање на свестаза превентивна здравствена заштита, со посебен фокус на: примена на мерките за заштита и спречување на Ковид 19; подигање на свеста за значење на сексуалното и репродуктивно здравје на жени и млади; подобрување на пристап до квалитетни здравствени услуги; активно вклучување на носителите на права и нивното зајакнување преку информирање, едуцирање и застапување за пристап до квалитетна здравствена заштита.

**Стратешка цел 3: Зголемување на капацитетот за вработливост на ранливите групи граѓани**

НРЦ ќе работи на зголемување на можностите за вработување на ранливите групи граѓани, преку зајакнување на нивните капацитети за вработливост. Тоа ќе го прави со давање на поддршка за стекнување основно образование за возрасни и поддршка за развој на компетенции и стекнување на квалификации. Промоцијата и развојот на капацитети за социјално претприемништво и поддршка за социјални претпријатија ќе придонесат кон намалување на стапката на сиромаштија и инклузивно одржливо општество.

**Стратешка цел 4: Зајакнување на јавната свест за** адекватно домување

И во периодот 2021 – 20123, НРЦ ќе продолжи со поддршката за зајакнување на јавната свест за адекватно домување, кое меѓу другото вклучува:  пристап до правна сигурност на имотот (легален дом и заштита од иселување), финансиска достапност на домување (трошоците поврзани со домување, кои не треба да ги загрозуваат други основни човекови потреби), соодветни услови за живеење (заштита од студ, влага, преносители на болести), достапност на услуги и инфраструктура (безбедна вода за пиење, канал и водовод, електрична енергија, санитарни услови, отпад), пристапност за специфични потреби на маргинализираните групи, локација(вработување, здравствени услуги, училишта, центри за грижа за деца и други социјални установи, градење на домови вон  загадени места, и подалеку од изворите на загадување) и културна адекватност (почитување и уважување на културниот идентитет и начините на живот).

**Стратешка цел 5: Унапредување на организацискиот раст и развој на НРЦ**

Во следниот период, НРЦ ќе се стреми кон унапредување на организациски раст и развој на здружението преку зајакнување на човечките капацитети и практична имплементација на стекнати знаења и вештини од страна на вработените, доследна примена на интерните акти, системи и организациска култура на НРЦ. Здружението ќе се залага за прогресивна реализација на основните права и обврски и притоа ќе води посебна сметка за интегрирање на родовата еднаквост во актите, политиките, буџетирањето и состав на работните тела на НРЦ.

**Стратешка цел 6: Креирање на поволна средина за работа на локални партнерски организации**

НРЦ ќе работи на развој на капацитетите на локалните партнерски организации преку оперативна поддршка и опремување, градење на партнерства и мрежи, финансиска поддршка за помалите организации, менторска поддршка за развој, размена на добри практики и искуства. НРЦ ги цени наодите и препораките од локалните партнерски организации и ја поддржува нивната работата се со цел подобро да им служат на потребите на носителите на права на локално ниво врз основа на принцип базиран на права и застапување засновано на докази.

**Вкрстени теми:**

**Еднакви можности меѓу мажи и жени и зајакнување на родовата еднаквост**

НРЦ се стреми кон унапредување на родовата еднаквост и еднакви можности меѓу мажите и жените преку интегрирање на родовата перспектива во процесот на планирање, буџетирање, имплементирање и следење со релевантни индикатори во целокупното работење на здружението.

**Недискриминација и елиминирање на сите можни замки за недискриминаторен пристап при креирање и имплементација на програми**

НРЦ се залага за обезбедување на пристап до ресурси, можности, моќ и отчетност базирани на недискриминација преку партиципативно учество на сите засегнати страни.

**Видливост и промоција на работењето и постигнувањата на НРЦ**

НРЦ планира засилување на активностите за видливост преку иновативни и ефективни канали на комуникација и пристапи во информирањето во рамките на веб страната, социјалните медиуми, медиумскиот портал и дигиталните платформи.

## Севкупен преглед на целите, индикаторите и очекуваните резултати

Во табелите подолу е даден преглед на специфичните цели, индикаторите и очекуваните резултати кои ќе произлезат од истите.

| **Стратешка цел 1: Подобрување на пристап до правда  и владеење на правото за сите** | | |
|---|---|---|
| **Специфични цели** | **Индикатори** | **Очекувани резултати** |
| Специфична цел 1.1<br><br>Зголемени познавања на носителите на права за нивните права и обврски | Број на информирани лица<br>Број на едуцирани лица<br>Број на организирани кампањи<br>Број на спроведени јавни сесии<br>Број на одржани тематски обуки<br>Број на настапи во медиуми<br>Број на спроведени истражувања<br>Број на подготвени документи за јавни политики<br>Број на подготвени извештаи | 1.1.1  Зголемена информираност и едукација за пристап до фундаментални права (вработување, домување, образование, право на избори, да бираш и да бидеш избран, здравство) |
| Специфична цел 1.2<br><br>Зголемен пристап до правна помош и застапување | Број на лица кои добиле правна помош<br>Број на лица кои добиле БПП<br>Број на управни постапки<br>Број на судски постапки | 1.2.1 Зголемен број на лица кои добиле правна помош и правно застапување (legal representation) |
| Специфична цел 1.3<br><br>Зголемено учество во застапување за подобрена правна рамка и практики | Број на одржани средби со носители на одлуки<br>Број на споделена експертиза<br>Број на поднесоци за застапување % на усвоени барања од вкупниот број на поднесоци<br>Број на учества во работни групи/Број на работни групи во кои учествува НРЦ<br>Број на учества во иницијативи<br>Број на учества во мрежи (или број на мрежи во кои се учествува/членува)<br>Број на спроведени партнерски активности | 1.3.1 Подобрена правна рамка и практики |

| | | |
|---|---|---|
| | Број на спроведени/изготвени анализи<br>Број на вклучени плански региони<br>Број на граѓани кои биле вклучени во мерење на влијание на политиката | |
| **Стратешкацел 2: Подобрување на пристапдоквалитетниздравствениуслуги за сите** | | |
| **Специфичницели** | **Индикатори** | **Очекуванирезултати** |
| Специфична цел 2.1<br><br>Подобренпристапдоздравственазаштита | Број на информирани лица<br>Број на поделени едукативни памфлети<br>Број на лица кои се обратиле за информација<br>Број на организирани обуки | 2.1.1 Подобрена информираност на граѓаните за пристап до здравствена заштита |
| | Број на комплетирани документации за здравствени услуги<br>Број на пополнети барања за прием во ФЗО | 2.1.2 Зголемен број на корисници на здравствена заштита |
| | Број на судски постапки<br>Број на мобилизирани локални ГО | 2.1.3 Подигната свест за искористување на законскизагарантиранитеправа и обврскиодобласта на здравството |

| Стратешкацел 3: Зголемување на капацитетот за вработливост на ранливитекатегории награѓани | | |
|---|---|---|
| **Специфичнинцели** | **Индикатори** | **Очекуванирезултати** |
| 3.1 Подобрен пристап до формално и неформално образование за ранливи категории на граѓани | Број на лица кои се пријавиле за добивање на пристап до основно образование за возрасни<br>Број на лица кои завршиле основно образование за возрасни<br>Број на лица кои се пријавиле за стекнување на компетенции и квалификации<br>Број на лица кои се стекнале со компетенции и квалификации<br>Број на одржани обуки<br>Број на склучени договори со провајдери | 3.1.1 Обезбедена поддршка за образование на возрасни, основно образование на возрасни и стекнување на компетенции и квалификации за возрасни |
| 3.2 Подобрен пристап до вработување | Број на лица кои учествувале во кариерно советување<br>Број на новоотворени социјални претпријатија<br>Број на ангажирани лица во соц. претпријатија<br>Број на склучени договори за послуга меѓу НРЦ и соц. претпријатија<br>Број на лица кои се вработиле | 3.2.1 Обезбедена поддршка за учество на пазар на труд и социјално претприемништво |
| **Стратешкацел4:Зајакнување на јавната свест за адекватно домување** | | |
| **Специфичнинцели** | **Индикатори** | **Очекуванирезултати** |
| 4.1 Информирани и едуцирани граѓани за правото на домување | Број на одржани средби со граѓани<br>Број на дистрибуиран материјал<br>Број на известувања за медиуми<br>Број на гостувања во медиуми | 4.1.1 Одржани едукативни и информативни активности |
| 4.2 Дадена експертиза за пристап до адекватно домување | Број на организации на кои им е дадена експертиза | 4.2.1 Подобрени капацитети на граѓански организации во областа на адекватното домување |

| Стратешкацел5:Унапредување на организацискиот раст и развој на НРЦ | | |
|---|---|---|
| **Специфичницели** | **Индикатори** | **Очекуванирезултати** |
| 5.1 Зајакнати човечки капацитети | Изготвен план за развој на капацитети на вработените на годишно ниво (детектирани потреби, акциски план, споделување на добиените материјали со колегите на е-маил)<br>Број на посетени обуки (дисагр.по тема/сектор)<br>Број на организирани внатрешно организациски обуки<br>Број на подготвени предлог проекти<br>Број на остварени менторски релации<br>Број на одржани менторски средби<br>% на вработени кои посетиле најмалку една обука во текот на годината | 5.1.1 Подобрени компетенции на вработените во НРЦ<br>5.1.2 Практичнаимплементација на стекнатизнаења и вештиниодстрана на вработените |
| 5.2 Континуирано подобрување и доследнапримена на интернитеакти, системи и организацискатакултура на НРЦ | % на вработени кои доследно ги применуваат интерните акти | 5.2.1 Ефективно управувани ресурси |
| 5.3 Транспарентно и отчетно работење | Подготвен и јавно објавен годишен извештај на НРЦ со финансиска анализа<br>Број на прегледи на годишниот извештај на НРЦ | 5.3.1 Споделени информации за работењето на НРЦ<br>5.3.2 Почитување на законските и донаторските обврски |

| Стратешкацел 6:Креирањена поволна средина заработа на локалните партнерскиорганизации | | |
|---|---|---|
| **Специфичницели** | **Индикатори** | **Очекуванирезултати** |
| 6.1 Развиени капацитети на локални партнерски организации | Број на партнерски организации чии капацитети НРЦ ги развива<br>Парична вредност на опремата<br>Парична вредност на финансиска поддршка која им е дадена<br>Број на менторски средби<br>Броја на испорачани обуки за партнерските организации<br>Број на добри практики кои партнерските организации ги применуваат<br>Број на активности што партнерските организации ги спроведуваат со поддршката на НРЦ | 6.1.1 Партнерските организации подобро им служат на потребите на носителите на права на локално ниво |
| 6.2 Подобрена соработка меѓу локалните партнерски организации | Број на партнерски организации кои склучуваат меморандуми за соработка меѓу нив<br>Број на заеднички доставени предлог проекти<br>Број на заеднички добиени предлог проекти<br>Број на средби на кои имало размена на искуство и знаење меѓу нив | 6.2.1 Создадени можности за заеднички настап на локалните партнерски организации |

## 7. Стратешки вкрстени теми

### 7.1 Еднакви можности меѓу мажи и жени и зајакнување на родовата еднаквост

НРЦ се стреми кон унапредување на родовата еднаквост и еднакви можности меѓу мажите и жените преку интегрирање на родовата перспектива во процесот на планирање, буџетирање, имплементирање и следење со релевантни индикатори во целокупното работење на здружението, како што се:

- % на жени во органите на здружението, во менаџментот и меѓу вработените
- % на буџет на организациско ниво доделен на жени
- % на жени вклучен во активностите на здружението
- % на жени вклучени во активноститена партнерските здруженија
- Број на партнерски организации чии капацитети за интегрирање на родова перспектива во нивната работа се зајакнати

Заложбите на НРЦ за родова еднаквост се со цел да се вреднуваат лидерските потенцијали на жените, застапеноста на жените во органите на здружението и во менаџерските структури, балансирано учество на мажи и жени во донесување на одлуки и нивно учество во програми на здружението, економско јакнење на жени, како и застапување за интеграција на родови аспекти во сите политики и мерки.

### 7.2 Недискриминација и елиминирање на сите можни замки за недискриминаторен пристап во севкупното работење на НРЦ

НРЦ се залага за обезбедување на пристап до ресурси, можности, моќ и отчетност базирани на недискриминација преку партиципативно учество на сите засегнати страни. Работата на здружението е во функција на намалување на интерсекциска дискриминација и елиминација на сите форми на дискриминација кон жени. НРЦ е посветен на препознавањето на (не)еднаквата положба, неповолниот третман и различното вреднување се со цел на сите носители на права да им се овозможи еднаков и фер пристап во општеството, мерејќи го тоа со следниве индикатори:

- Број на афирмативни мерки за недискриминација кои ги има НРЦ
- Број на поплаки доставени до НРЦ/Намален процент на поплаки доставени до НРЦ (со претходно поставен baseline)

### 7.3 Видливост и промоција на работењето и постигнувањата на НРЦ

НРЦ планира засилување на активностите за видливост преку иновативни и ефективни канали на комуникација и пристапи во информирањето во рамките на веб страна, социјални медиуми, медиумски портал и дигитални платформи. Веб страната на НРЦ е во функција на институционална меморија и придонесува кон видливост и отчетност на работата на здружението.
Индикатори со кои ќе се мери исполнувањето на оваа вкрстена цел се:

- Воспоставен и функционален медиумски портал

- Спроведена обука за информативност и иновативност во видливоста и промоција /Број на вработени лица обучени во иновативните методи  за видливост и промоција
- Број на посети на веб страница
- Број на посети на фб
- Број на коментари на фб
- Број на прегледи на објавите на Youtube
- Број на споделувања на објавите
- Број на интервјуа и гостувања за други медиуми
- Назначен офицер за видливост и комуникација

## Следење и ажурирањена стратешкиот план

Врз основа на овој стратегиски план, НРЦ изработува годишни програми за работа. Здружението го следи, оценува и известува за спроведување на стратегискиот план, за време на редовно годишно Собрание на здружението, како највисок орган.На годишно ниво се прави континуирано следење и прибирање на податоци од спроведени проекти и програми и финансиското работење на здружението, кои го сочинуваат годишниот извештај со финансиски индикатори. Годишната програма служи за информирање на јавноста, за степенот на напредок во постинување на стратешките цели и искористување на добиени финансиски средства. Стратешкиот план ќе се ажурира пред секое донесување на годишната програма и ќе се направи споредба помеѓу планираните и фактичките резултати, научените лекции и подобрувањата во работата.

Секој менаџер/координатор на проект треба најдоцна до 1 март секоја година, да испрати податоци за имплементирани активности и резултати и финансискиот оддел да достави завршна годишна сметка. Годишниот извештај со финансиски индикатори се изработува најдоцна до 1 април и се објавува на веб страната на НРЦ.

Финансиското работење ги задоволува доброразвиените, дури и малку комплексни финансиски системи на повеќето донатори.НРЦ е многу релевантна организација која има моќ позитивно да ја смени иднината на луѓето. Вработените во НРЦ се професионални и посветени на тоа да испорачаат навремени резултати на трошковно-ефективен начин.

НРЦ во своето делување се фокусира и на прашањето на еднакви можности за развој и правичност за жени и млади што претставува клучен аспект вткаен во севкупното работење на организацијата што се одразува не само преку вклученост на жените во проектните активности, туку и преку нивна вклученост како дел од тимот на извршната канцеларија (од вкупно 9 вработени лица 6 се жени) и како дел од составот на управниот одбор (од вкупно 5 членови на управниот одбор 3 се жени).